Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција од подносителот -------------------- ------------, на 38-та седница, одржано на ден 14.09.2020 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-4226 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-4226/1 од 10.09.2019 година, доставена од подносителот ------------- -----------------, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметот 12-4226 од 2019 година.

Предметот со број 12-4226 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на Државната комисија, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-4226 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-4226/1 од 10.09.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), од подносител ----------- -- ------------------.

Во пријавата се изнесени наводи за незадоволство од постапување на Адвокатско друштво --------- -- ------------------- во постапка поведена по тужбено барање за надомест на штета од осигурителна компанија по основ на штета предизвикана на трето лица во сообраќајот за причинета телесна повреда како последица на сообраќајна незгода, наводи за сомневање во законитоста и професионалното работење на адвокатското друштво при застапувањето во предметната постапка, како и наводи за вршење на притисок од истото друштво по поднесена тужба за наплата на долг по основ на застапувањето во предметот. Се бара ДКСК да направи увид во документацијата во осигурителната компанија и во предметните судски постапки поведени по основ на овој случај.

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барање за надлежно постапување до Адвокатска комора на РСМ, за да постапи по доставената пријава и да достави известување за исходот од своето надлежно постапување и за евентуално преземените мерки доколку во предметниот случај се констатира дека била сторена некаква повреда.

По барањето на Државната комисија доставен е одговор и по разгледувањето на целокупната документација за предметниот случај, од страна на ДКСК констатирано е следното:

- Во конкретниот случај, станува збор за сообраќајна незгода во која ќерката на подносителот на пријавата, учествувала како трето лице и се здобила со телесна повреда како последица на сообраќајна незгода. Во врска со овој настан се водела судска постапка во 2009 година против осигурителна компанија на другите учесници во сообраќајната незгода која требало да ја обесштети повредената и во предметната судска постапка, повредното лице било застапувано од стана на наведеното адвокатско друштво во својство на ополномоштено лице но, се сомнева во законитото и професионално работење на истото и според наводите во пријавата, ова адвокатско друштво работело со зла намера и со цел да прибави за себе материјална корист па намерно ја одолговлекувало постапката по тужбеното барање за надомест на штета со недоставување на уредна документација односно, со достава на лажен наод и мислење за повредата и на тој начин овозможувало осигурителната компанија да не го исплати надоместокот во разумен рок и да добие на време по однос на исплатата на штетата, сето тоа во договор со осигурителната компанија и судијата кој го водел предметот по ова тужбено барање.

- Во 2012 година, адвокатското друштво поднело тужба против лицето што го застапувало по основ на наплата на долг за застапување од околу 10.000 евра кој според подносителот на пријавата не бил реален износ на направените трошоци за застапување. Во пријавата се наведува и дека, бараниот надоместок бил исплатен дури по 7 години откако наведеното адвокатско друштво било изземено од судската постапка по барање на подносителот и по пресуда донесена од друг судија, по основ на штета предизвикана на трето лица во сообраќајот и дека како повредно лице со последица од сообраќајна незгода имала право да побара исплата за надомест на штета по овој основ од кој сака од учесниците во сообраќајната незгода и на тој начин да го оствари своето права за надомест на штета во случај на сообраќајна незгода. *Ова оттаму што, кај штетата како последица на сообраќајна незгода, како страна којашто исплаќа надомест на штета, покрај штетникот, се јавува и осигурителната компанија со којашто склучило договор за задолжително осигурување во сообраќајот лицето што ја предизвикало штетата. (договор за осигурување од автомобилска одговорност- од одредбите на Закон за задолжително осигурување во сообраќајот чл. 5 и 14).*

- На ден 28.05.2020 година, од страна на Адвокатска комора на РСМ доставен е одговор на барањето на ДКСК, во кое се известува дека од увидот во евиденциите за претставки поднесени до Адвокатската комора не било евидентирана претставка поднесена во врска со предметните наводи и дека надлежните дисциплински органи на комората не постапувале по таков предмет. Согласно членот 17 од Правилникот за дисциплинска одговорност на Адвокатската комора, пријава од странка за сторена повреда против член на комората, можело да се поднесе во рок од 60 дена од дознавањето, а дисциплинска постапка не можело да се поведе ниту да се води ако поминеле четири години од денот кога била сторена дисциплинската повреда. Со оглед дека во предметниот случај биле истечени сите рокови, Адвокатска комора на РСМ не можела да поведе дисциплинска постапка во која би го испитувала предметниот случај, а воедно се укажува дека наведеното лице – подносител на пријавата до ДКСК, во врска со предметниот случај можел да побара заштита во соодветна постапка пред надлежните судови.

Врз основа на сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека во предметниот случај се работи за наводи по прашање кое е во надлежност на постапување на друг надлежен орган - Адвокатска комора на

РСМ, која во моментот не може да поведе дисциплинска постапка во која би го испитувала предметниот случај поради истечените рокови за постапување од страна на дисциплинскиот обвинител и поведување на дисциплинска постапка, а исто така во врска со наводите во предметната пријава подносителот можел да побара заштита во соодветна постапка пред надлежните судови во РСМ.

Со оглед на вака утврдената фактичка состојба, Државната комисија оцени дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметната пријава се запира и предметот се затвора и се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 14 септември 2020 година под бр. 12- 1983/3**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Доставено до :
- Архива
- Подносител

Изработил: Јасминка Цветковска, Советник
Одобрил : м-р Шемши Салаи, Член на ДКСК